Архивски број: 08-199/5
08.07.2026 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-771/1 од 31.10.2025 година поднесена од ---, со седиште на --- во ---, застапувано --- од ---, за дискриминација сторена од страна на ---, ---, со седиште на --- во ---, врз основа на етничка припадност во друга област – на социјалната мрежа Facebook, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, врз основа на член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020), го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** и вознемирување како форма на дискриминација кон --- со ---, врз основа на етничка припадност во областа на јавното информирање и медиуми – на социјалната мрежа Facebook, сторена од страна на .

## Образложение

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ( во понатамошниот текст: "**Комисијата**") беше поднесена претставка бр. 08-771/1 од 31.10.2025 година, од страна на ---, застапувано --- од ---, за дискриминација извршена од страна на ---, а врз основа на етничка припадност во друга област – на социјална мрежа Facebook.

Во претставката подносителот наведува дека пријавеното лице, --- на --- година на неговиот профил на социјалната мрежа Facebook објавил објава со следната содржина

*"---*

*БУГАРИТЕ-СЛУГИ НА ХИТЛЕР И НА СТАЛИН*

*9 септември 2025 година, Софија, Бугарија-Честитки до Бугарите, злобните соседи на Македонија и крвници на Македонскиот народ, за денешниот празник 9 септември.*

*Дента кога во 1944 година, се разбира, со помош на нивните творци, Русите т.е Советите, в сред војна, ја сменија страната и од верни слуги на Хитлер и нацистичка Германија, станаа верни слуги на Сталин и Советскиот сојуз на социјалистичките републики.*

*Конвертити без конкуренција..."*

Во претствката приложен е линкот до објавата и наведено е дека истата има 30 реакции, 5 коментари и 11 споделувања. На овој начин според подносителот, пријавениот --- ги нарекувал "злобни соседи" и слуги на режим кој ја уништил --- па сакал да претстави погрешна слика, да ги претстави како непријатели на државата употребувајќи говор на омраза кон --- и самата --- со што поттикнувал омраза, раздор и нетрпеливост, поттикнувајќи и повикувајќи дискриминација и вршел

вознемирување врз основа на потекло, национална или етничка припадност конкретно кон --- со --- со повреда на нивното достоинство и потекло.

На 21.11.2025 година Комисијата за спречување и заштита од дискриминација се обрати со Барање бр. 08-771/2 до ---, ---, заради добивање на произнесување по наводите во претставката.

Со оглед дека бараното произнесување не беше доставено во законски предвидениот рок, Комисијата на 10.02.2026 година се обрати со Ургенција бр. 08-199/1 до --- заради добивање на потребното произнесување по наводите во претставката.

На 09.04.2026 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација од страна на --- беше поднесено барање Комисијата да определи дополнителен рок од 15 дена во кој именуваниот ќе го достави потребното произнесување со оглед дека двете повратници со кои Комисијата располагаше, а кои ја потврдуваат уредната достава на прводоставеното барање и ургенцијата за добивање на произнесување не биле потпишани лично од ---. Ова поради негово подолго отсуство од здравствени причини.
Ваквото барање Комисијата го прифати и го одобри, за што електронски го извести --- по електронски пат на 05.05.2026 година со Известување бр. 08-199/3.

На 13.05.2026 година во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигнато е произнесување по наводи од претставка, доставено од ---, ---, заведено под број 08-199/4.
Во произнесувањето се наведува дека наводите во претставката именуваниот ги смета за неосновани и невистинити и според него не претставуваат дискриминација ниту вознемирување за историска вистина која не е измислена. Во предметната објава на неговиот личен профил, не било повредено достоинството на лица кои за себе велеле дека се "---", ниту биле објавени навредливи содржини кои повикуваат и поттикнуваат дискриминација односно вознемирување. Во објавата немало никаков говор на омраза ниту кон --- и ---. ---, како неформален светски --- на --- во целиот свет повеќепати повторувал па и овој пат наведувал дека: - Македонците, по род и државјанство, од сите делови од Македонија, во светот и татковината, ја прифаќаат --- како политичка нација со своја културна идентификација, не се мешаат во внатрешните работи на ---, ниту во нивната историја за --- во --- и---. Меѓутоа отфрлаат грубо мешање на --- во внатрешните работи на државата Македонија, македонците ги отфрлаат и најостро ги осудуваат --- претензии по националниот суверенитет и територијалниот интегритет на државата Македонија, - Македонците по род и државјанство, од сите делови на Македонија, во светот и татковината, предлагаат --- историско помирување и склучување на договор за трен мир и добрососедство помеѓу ---, меѓутоа врз основниот принцип на меѓународното право на суверена еднаквост од Повелбата на Организацијата на Обединетите нации што значи: заемно разбирање и почитување, соработка со сите по сите прашања од заеднички интерес, немешање во внатрешните работи на суверените држави и реципроцитет во меѓусебните односи. Подносителот посочува дека во

услови кога --- не го признавала Македонскиот народ сметајќи го за дел од --- од 1944 година, македонскиот јазик го сметала за дијалект на ---, Македонија ја сметала за втора ---, притоа не признавајќи го --- во --- – Македонија не можела односите со --- да ги гради на нереципрочна основа. Иако покрај се и после сите негации од ---, во Македонија немало повреда на права и слободи поради етничко потекло бидејќи сите македонски државјани се еднакви пред Уставот и законите.

Потенцијалниот дискриминатор наведува дека разликата во мислата и нејзиното јавно изразување како уставно загарантирано право, не претставува дискриминација. Понатаму наведува дека со објавата со ништо не ги дискриминирал членовите на ---. Не ги оневозможил, ниту ги ограничил граѓаните на --- во еднаквоста пред Уставот и законите, ниту им ги суспендирал правата и слободите утврдени со Уставот и законите, истакнувајќи дека Комисијата за спречување и заштита од дискриминација не може административно да ја суспендира уставно загарантираната слобода на уверување, совест, мисла и јавно иразување на мислата. Исто така наведува дека Комисијата не може административно да ја суспендира уставно загарантираната слобода на говор, јавниот настап, јавното информирање и слободата на основање на институции за јавно информирање. Особено потенцирајќи дека Комисијата не може административно да озакони цензура која со Устав е забранета, само поради разлики во уверувањето, совеста, мислата и јавното изрфазување на мислата. Наведува дека секој може да биде вознемирен од вистината, но дека ова не може да биде алиби за суспензија на вистината поради претставки на физички и правни лица кои содржеле и се базирале на лаги и лажни обвиненија.

Во продолжението на произнесувањето --- наведува и се осврнува на низа историски настани како депортацијата на --- од Македонија, потпишувањето на --- и формалното приклучување на --- кон ---, --- пакт, --- договор и слично, хронолошки наведувајќи ги настаните, учесниците во истите и нивните последици.

Крајно наведува дека неговата намера не е да полемизира на историска основа за етногенезата на ---, за етногенетски прашања кои ниту во --- не биле расчистени, а особено по реакција на --- која ја доведува во прашање од аспект на тоа дали истата била резултат на "патриотски" или лукративни побуди и интереси.

Со оглед на сето наведено, особено ценејќи ги наводите во претставката и произнесувањето по истата, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека во конкретниот случај не е сторено вознемирување како форма на дискриминација кон --- со --- врз основа на етничка припадност во областа на јавното информирање и медиуми – на социјалната мрежа Facebook, сторена од страна на ---, а онака како е опишано со член 10 од Закон за спречување и заштита од дискриминација, според кој "*Вознемирувањето претставува несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика.*" Имено, во произнесувањето потенцијалниот дискриминатор на јасен и концизен начин даде објаснување па согласно префлениот товар на докажување, истакна факти и околности поради кои наведената објава на неговиот личен профил на социјалната мрежа Facebook нема

елементи кои чинат содржина која би се третирала за вознемирување како облик на дискриминација, повикувајќи се на општопознати факти прифатени од историјата како општествена наука. Наведеното во корелација со член 9 од Уставот на Република Северна Македонија според кој “граѓаните се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви”, а во врска со член 16 од Уставот во кој е уредено дека “се гарантира слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата. Се гарантира слободата на говорот, јавниот настап, јавното информирање и слободното основање институции за јавно информирање. Се гарантира слободниот пристап кон информациите, слободата на примање и пренесување на информации. Се гарантира правото на одговор во средствата за јавно информирање. Се гарантира правото на исправка во средствата за јавно информирање. Се гарантира правото на заштита на изворот на информацијата во средствата за јавно информирање. Цензурата е забранета.”

Како резултат на наведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова мислење.

Скопје,
0107.2026 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Душан Томшиќ

Доставено до:
- ---
- ---
- Архива на КСЗД